# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Целта на ревизијата е обезбедување на објективна и реална оценка за тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот на јавната внатрешна финансиска контрола кај АВРМ и тоа во делот на: управување и контрола за извршување на расходите (доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките) и заштита на средства и обврските (инвентарисување на средствата и обврските).

Со ревизијата на успешност се изврши детектирање на клучните фактори кои имаат влијание во процесот на воведување и развој на системот за јавна внатрешна финансиска контрола, преку:

- Утврдување на контролното опкружување во субјектот, врз основа на интегритетот на вработените;
- Компетентност, ниво на знаење и вештини;
- Организациона структура – поделба на надлежностите и овластувања;
- Утврдување на ризик од можни настани кои може да влијаат врз остварување на целта
- Воспоставени политики и постапки за справување со ризиците;
- Обезбедување на ефикасен информационен систем, проток на информации, документирање на сите оперативни процеси;
- Ефикасност на преземените активности на раководителот на субјектот за следење, самопроцена и внатрешна ревизија на финансиското управување и контрола.

Врз основа на резултатите добиени со истражувањата во текот на ревизијата, информациите и откриените ризици произлезе следната цел на ревизијата:

**Дали се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.**

За да може да одговори на поставената цел, ревизијата изврши анализа на следните области кои имаат свое влијание врз имплементацијата, развојот и ефикасноста и ефективноста на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Агенцијата за вработување на Република Македонија:

- Правната рамка и стратешките документи;
- Финансиското управување и контрола, во делот на:
  - Компонентите:контролно опкружување, управување со ризик, контролни активности, информации и комуникации, мониторинг;
  - Процесите: инвентарисување на средствата и обврските и доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките.
- Внатрешната ревизија.

## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Според сознанијата до кои дојдовме при извршувањето на наведената ревизија на успешност и оценката на ризичните подрачја, сметаме дека со ревизијата на успешност може на задоволителен степен да се постигне идентификување на:

- клучните фактори кои влијаат на воспоставувањето, развојот и ефикасноста на функционирањето на ФУК и ВР;
- утврдување на причините за постојната состојба и
- давање препораки за надминување на утврдените слабости.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.